Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-403/2
06-07-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–403/1 од 14.06.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-403/1 од 14.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Боговиње **поради ненадлежност**.

## Образложение

Подносителот наведува дека на 29.03.2023 година конкурирал за вработување на конкурс објавен на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во рамки на спроведената постапка ја поминал фазата на интервју. На 10.04.2023 година со известување од Министерството му биле вратени документите, а по спроведениот избор на кандидати било избрано за вработување извесно лице [redacted] од Струга. Избраното лице, за разлика од него, не го поседувало потребното образование за работното место за кое бил објавен конкурсот, по што подносителот ја обжалил одлуката на Министерството пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а која Комисија и по изминати 2 месеци сè уште не одлучила по жалбата. Подносителот на претставката бил контактиран од државниот секретар на горенаведеното министерство со барање тој да ја повлече жалбата поднесена до Државната комисија. Дополнителни факти и околности, како и докази не се приложени кон поднесената претставка.

Од причини што согласно изнесените наводи се работи за потенцијална повреда на постапка за вработување со неправилен или неоснован избор, а во однос на исполнетост на услов за вршење на работата, односно посебен услов за конкретно работно место, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за повреда на права од или во врска со работен однос. Оттука, Комисијата одлучи дека за таквата наводна повреда се предвидени други постапки за заштита во согласност со прописите кои ги уредуваат работните односи. Имено, согласно член 256 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.

110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), *надзор над примената на овој закон, прописите за вработувањето и другите прописи од областа на трудот, колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот од работниот однос и други договори со кој е определен надоместок за извршената работа во износ повисок од износот на минимална плата утврдена со закон, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот*. Согласно член 45 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019; 14/2020; 302/2020) *инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, за вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон врши Државниот управен инспекторат*. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk